МАКЕДОНИЈА

# Лице од Велешта со прострелни рани примено во струшката болница

**Педесет и петгодишно лице од Велешта денеска е примано во струшката болница со две прострелни рани во градниот кош.**




Прегледи:
981

Објавил:
Administrator

23 ноември 2022, 16:55

Сподели
Сподели

Случајот во полиција го пријавил лекар од Општата болница во Струга.

– Во ОВР Струга е пријавено дека во Општата болница во Струга, со прострелна рана е примен Д.Б. (55) од струшкото село Велешта. Полицијата врши увид на местото на настанот и презема мерки за разјаснување на околностите под кои се случило пукањето, изјави за МИА портпаролот на СВР Охрид, Стефан Димоски.

ADVERTISING



Според првичните информации, настанот се случил во куќа во Велешта, во која не живеел никој, а била во сопственост на близок роднина на повредениот.

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

ВМРО-ДПМНЕ: Владата на Ковачевски дава македонско државјанство на шпионот и олигарх Онишченко
09:55

Поради дефект без вода корисниците од улицата „1 / Визбегово“
09:53

Промоција на книги од академик Нада Поп-Јорданова
09:51

Ракот на простата најчесто заболување кај мажите, успешно може да се излекува со рано откривање
09:42

МАКЕДОНИЈА

# ВМРО-ДПМНЕ: Владата на Ковачевски дава македонско државјанство на шпионот и олигарх Онишченко

**Владата на Ковачевски дава македонско државјанство на шпионот и олигарх Онишченко, одговорност и оставки мора да има.**

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

Бидете информирани следете не на Facebook




Прегледи:
1

Објавил:

25 ноември 2022, 09:55

Сподели
Сподели

Во време на Ковачевски рускиот шпион и украински олигарх Онишченко добива македонско државјанство, одговорност и оставки мора да има.

Онишченко добива македонско државјанство во мај 2022 година, кога Ковачевски е веќе 5 месеци премиер.

АНБ и МВР морале да го информираат Ковачевски дека даваат државјанство на лице на црна листа на САД, и лице по кое трага Украина.

Виктор Димовски и Оливер Спасовски морале да го известат Ковачевски. Сите тројца одработиле против стратешките интереси на Македонија.

Одговорноста за случајот со издаденото државјанство на Онишченко не може да заврши со суспендирање на вработени во АНБ. Мора да има политичка одговорност за Виктор Димовски и Оливер Спасовски.

Димовски не смее да биде македонски амбасадор во Франција. Како може Македонија да биде сигурна во лице кое овозможило криминалец како Онишченко, кој е на црна листа на САД да добие државјанство?

Димовски може да работи за секого, само не за Македонија и нејзините стратешки интереси, затоа оставка од АНБ и политичка одговорност преку повлекување на одлуката за заминување на амбасадор во Франција.

Со почит,

Центар за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ

МАКЕДОНИЈА

# Поради дефект без вода корисниците од улицата „1 / Визбегово“

**Поради уличен дефект, денеска прекин во водоснабдувањето ќе имаат корисниците од ул. „1 / Визбегово“ бб“.**

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

ВМРО-ДПМНЕ: Владата на Ковачевски дава македонско државјанство на шпионот и олигарх Онишченко
09:55

Поради дефект без вода корисниците од улицата „1 / Визбегово“
09:53

Промоција на книги од академик Нада Поп-Јорданова
09:51

Ракот на простата најчесто заболување кај мажите, успешно може да се излекува со рано откривање
09:42



Прегледи:
1

Објавил:

25 ноември 2022, 09:53

Сподели
Сподели

Како што информираат од ЈП „Водовод и канализација“ прекинот во снабдувањето со вода ќе биде од 9:15 часот до завршување на санација на дефектот.

КУЛТУРА

# Промоција на книги од академик Нада Поп-Јорданова

**Досега објавила 20 книги на македонски јазик, неколку поглавја во странски книги на англиски јазик, како и многу статии во дневните весници.**

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

Бидете информирани следете не на Facebook



Прегледи:
78

Објавил:

25 ноември 2022, 09:51

Сподели
Сподели

Во мултимедијалниот културен центар Матица ексклузив од Скопје денеска ќе се одржи промоција на новите книги на академик Нада Поп-Јорданова „Медицината во сликарството (една слика вреди илјада зборови)“ и „Генијалност и/или лудило – големите композитори и нивните ментални болести“.

За овие две ретки изданија ќе говорат академик Васко Ташковски и проф. д-р Јане Коцобашија.

Академик Нада Поп-Јорданова била редовен професор по медицина, медицинска психологија и етика, невропсихологија и развојна психологија. Целиот работен век го поминала на Клиниката за детски болести, лекувајќи деца со разни педијатриски и психолошки проблеми.

Покрај со лекарска практика, се занимавала со едукација на студенти, постдипломци и докторанди. Последниве години, како член на МАНУ, исклучиво се занимава со научни истражувања од областа на невронауката.

Досега објавила 20 книги на македонски јазик, неколку поглавја во странски книги на англиски јазик, како и многу статии во дневните весници.

Член е на неколку академии: Светската, Европската, Њујоршката академија за наука и уметност, а за редовен член на МАНУ е избрана во 2012 година.



Преземање на авторски текстови и видеа без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ е кривично дело. Преземање на авторски текстови и видеа со ставање хиперлинк до содржината на сајтот на Канал 5 ТВ без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ исто така е кривично дело. Непочитување на авторските и сродни права е казниво со закон.